Општина Пробиштип

Ankica Genovska <agenovska@probistip.gov.mk>

## Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер (Пробиштип)

1 message

**Aleksandar Tashkovski** <aleksandar.tashkovski@yahoo.com> Mon, Jul 19, 2021 at 8:16 PM
Reply-To: Aleksandar Tashkovski <aleksandar.tashkovski@yahoo.com>
To: "agenovska@probistip.gov.mk" <agenovska@probistip.gov.mk>, "stojmirovski@probistip.gov.mk" <stojmirovski@probistip.gov.mk>, "info@probistip.gov.mk" <info@probistip.gov.mk>

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: 20.07.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредн. |
| 24 | 773/1 | | |

***Почитувани,***

Се обраќам до Вас со следното Барање за пристап до информации од јавен карактер, кое Ви го испраќам прикачено во оваа порака, и во ВОРД и во ПДФ верзија, како би можеле да го отворите Барањето доколку некој документ има проблем со отварањето.

Исто така, со цел да се избегне непријатност доколку верзијата на компјутерскиот софтвер не го поддржува отварањето на двата документи, Барањето согласно ПП Образецот Ви го праќам и во самата порака, како прилог на крајот од истата.

Со оглед на тоа што станува збор за едноставна информација, барам да ми одговорите во најкус можен рок.

***Ви благодарам и со почит,***
***Александар Ташковски***, **LL.B. LL.M.**

**ПРИЛОГ бр. 1 - Барање за пристап до информации од јавен карактер**

( Образец ПП......)

**До: Општина Пробиштип** *(имател на информацијата)*

**БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:** Александар Ташковски, со адреса на живеење ул. 7-ма Бригада бр. 27, Битола, мобилен телефон 075-211-778 и е-адреса: aleksandar.tashkovski@yahoo.com

*(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)*

Врз основа на **член 4** и **член 12** од **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник, бр. 101/2019)**, од Имателот ги барам следните информации од јавен карактер:

1. Врз основа на кој акт Вашата локална самоуправа ги регулира начините за работа на официјалните социјални профили и веб-адреса, поконкретно делот за блокирање, исклучување и забрана за коментирање на граѓаните (**доколку постои актот да се достави електронски запис од истиот**)?
2. Дали Вашата локална самоуправа има опција преку официјалната веб-адреса граѓаните и здруженијата на граѓани да можат да: поднесуваат иницијативи за распишување на локални референдуми; покренуваат граѓански иницијативи; поднесуваат барања за свикување на собири на граѓани и да поднесуваат претставки и предлози до органите на Вашата локална самоуправа (**доколку постојат вакви опции да се достави поединечен линк за секоја од нив**)?

____________________________________________________________

*(опис на информацијата која се бара)*

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид

- б) препис
- в) фотокопија

**- г) електронски запис**

- д) друго ________________________________________

*(се наведува бараниот начин, со заокружување)*

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта

- б) телефон

- в) факс

**- г) е-маил**

- д) друго ________________________________________

*(се наведува бараниот начин, со заокружување)*

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

***Александар Ташковски*, LL.B. LL.M.**

**Во Скопје, 19.07.2021 година**

*(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)*

---

**2 attachments**

**Пробиштип.pdf**
336K

**Пробиштип.docx**
23K

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-773/2
05.08 2021 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
Ул.„Јаким Стојковски“ бр.1
Тел:032 483 131; факс: 032 483 047
***www.probistip.gov.mk***

---

**ДО**
**Александар Ташковски**
**Ул.7-ма Бригада бр.27 , Битола**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање;**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр.24-773/1 од 20.07.2021 година, со кое барате општина Пробиштип да Ви ја достави бараната информација во електронски запис по е-маил и тоа:

1. Врз основа на кој акт Вашата локална самоуправа ги регулира начините за работа на официјалните социјални профили и веб-адреса, поконкретно делот за блокирање, исклучување и забрана за коментирање на граѓаните (доколку постои актот да се достави електронски запис од истиот)?

2. Дали Вашата локална самоуправа има опција преку официјалната веб-адреса граѓаните и здруженијата на граѓани да можат да: поднесуваат иницијатаива за распишување на локални референдуми, покренуваат граѓански иницијативи, поднесуваат барања за свикување на собири на граѓани и да поднесуваат преставки и предлози до органите на Вашата локална самоуправа (доколку постојат вакви опции да се достави поединечен линк за секој од нив)?

Ве известуваме дека Општина Пробиштип начинот за работа на официјалните социјални профили и веб-адреса го нема регулирано со посебен акт. Истата, официјалниот социјален профил и веб-адреса го користи за информирањето на граѓаните на општината за активностите на општината, а конктретните коментари и ставови граѓаните можат да ги презентираат преку органите на општината во форма на преставки и предлози во писмена форма или усно на записник и истите тие се доставуваат до Градоначалникот на општината.

Поднесувањето на иницијатива за распишување на локални референдуми, граѓански иницијативи, барања за свикување на собири на граѓани и поднесување на преставки и предлози до органите на општината не може да се врши преку официјалната веб-адреса поради тоа што истите барањата за распишување на референдуми се доставува до советот на општината со поднесено барање од 20% од избирачите во општината и истото треба да биде потпишано од заинтересираните избирачи и да биде дадено пред надлежниот орган кој води евиденција пак за избирачкото право на граѓаните на општината. Покренувањето на граѓанската иницијатива како и собири на граѓани се врши исто така со собирање на потписи од 10% од избирачите во општината и истите се доставуваат до советот на општината и истата донесува акти и решенија за прашања кои се нејзина надлежност.Собирот на граѓани може да биде свикан и на иницијатива на Градоначалникот на општината. Заради тоа граѓаните своите иницијативи,предлози ипреставки ги доставуваат до органите на општината и истата донесува одлуки по истите.

Изготвил: Анкица Ѓеновска ___________

Одобрил: Јованка Данева ___________

05.08.2021 година

Пробиштип

Градоначалник на општина Пробиштип

Драган Анастасов

___________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-773/3
06.08.2021 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на РМ бр. 101/19 од 22.05.2019 година) Градоначалникот на Општина Пробиштип го изготви следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрено барање за пристап до информација од јавен карактер

На **Александар Ташковски, Ул.7-ма Бригада бр.27, Битола** позитивно му се одобрува барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено во Општина Пробиштип под број 24-773/1 од 20.07.2021 година.

Информацијата содржи:

1. Врз основа на кој акт Вашата локална самоуправа ги регулира начините за работа на официјалните социјални профили и веб-адреса, поконкретно делот за блокирање, исклучување и забрана за коментирање на граѓаните (доколку постои актот да се достави електронски запис од истиот)?
2. Дали Вашата локална самоуправа има опција преку официјалната веб-адреса граѓаните и здруженијата на граѓани да можат да: поднесуваат иницијатаива за распишување на локални референдуми, покренуваат граѓански иницијативи, поднесуваат барања за свикување на собири на граѓани и да поднесуваат преставки и предлози до органите на Вашата локална самоуправа (доколку постојат вакви опции да се достави поединечен линк за секој од нив)?

ПРАВНА ПОУКА:Против Решението на Градоначалникот на Општина Пробиштип може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап.

**Изготвил:Анкица Ѓеновска**
**Одобрил: Јованка Данева**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Драган Анастасов**

Република Северна Македонија Општина Пробиштип 2 ПРОБИШТИП